# Закон за лизинг
**("Сл. весник на РМ" бр. 4/2002, 49/2003, 13/2006 и 88/2008)**

## Основни одредби
### Член 1
(1) Со овој закон се уредува наЈинот и условите на вршење на лизинг со подвижен и недвижен предмет, како и правата и обврските на страните во договорот за лизинг.

### Член 1-а
(1) На договорите за лизинг соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

### Член 1-б
(1) Одредбите од овој закон што се однесуваат на добивање дозвола за финансиски лизинг, рок за отпочнување со склучување на договори за финансиски лизинг, сметководство и извештаи, надзор, мерки и одземање на дозвола за финансиски лизинг не се однесуваат на банките основани во Република Македонија.

### Член 1-в
(1) На давателите на финансиски лизинг се применуваат одредбите од Законот за стечај, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

## Дефиниции
### Член 2
(1) **Лизингот** е активност која се однесува на подвижен предмет и недвижен предмет, при која корисникот на лизинг го определува предметот на лизинг кој е купен или произведен од страна на давателот на лизинг и се дава на користење на корисникот на лизинг за договорен временски период, во замена за плаќање на надомест за користење на предметот на лизинг, врз основа на договорот за лизинг кој е склучен меѓу давателот и корисникот на лизинг, според условите определени во него.

(2) **Финансиски лизинг** е оној лизинг со кој се пренесуваат сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на еден предмет, било да е тој подвижен или недвижен, при што со истекот на определен временски период сопственоста може, но не мора да биде пренесена.

(3) **Оперативен лизинг** е секој лизинг кој не е финансиски лизинг.

4) **Давател на лизинг** е правно лице кое дава еден или повеќе предмети на користење на корисникот на лизинг, за одреден временски период, под условите во договорот за лизинг. (во понатамошниот текст: давател).

5) **Корисник на лизинг** е правно или физичко лице кое го прима предметот на лизинг за употреба според договор за лизинг. (во понатамошниот текст: корисник).

6) **Продавач** е правно или физиЈко лице, кое го продава или на друг начин го обезбедува предметот на лизинг на давателот, согласно со договорот за лизинг.

7) **Предмет на лизинг** е секој подвижен и недвижен предмет кој се дава на користење на корисникот, освен оној за кој со закон има ограничување да може да биде предмет на лизинг (во понатамошниот текст: предмет).

8) **Договор за лизинг** е договор во писмена или електронска форма, склучен меѓу давателот и корисникот со кој давателот го дава предметот на користење на корисникот, под услови наведени во договорот за определен временски период.

9) **Договор за купопродажба** е договор во писмена или електронска форма

склучен меѓу продавачот на предметот на лизинг и давателот на лизинг.

**Даватели на лизинг**
**Член 3**

(1) Даватели на лизинг се домашни трговски друштва и странски трговски друштва кои имаат основано подружница во Република Македонија, во согласност со Законот за трговски друштва и кои вршат лизинг според начинот и условите утврдени со овој закон.
(2) За да може трговското друштво и подружница на странско друштво од ставот 1 на овој член, да биде давател на финансиски лизинг во Република Македонија, треба да добие дозвола од Министерството за финансии за вршење финансиски лизинг во согласност со овој закон.
(3) Дозволата од став 2 на овој член се објавува во Службен Весник на Република Македонија во рок од две недели од денот на издавањето.
(4) Министерот за финансии поблиску ги пропишува начинот и условите за добивање на дозволата од ставот 2 на овој член.
(5) Давателот е должен да отпочне со склучување на договори за финансиски лизинг во рок од 3 месеци од добивањето на дозволата од ставот 2 на овој член.
(6) Давателот е должен да го извести Министерството за финансии за секоја промена во податоците врз основа на кои е издадена дозволата за вршење финансиски лизинг во рок од 5 дена од промената.
(7) Министерот за финансии со решение го отфрла некомплетното барање за добивање дозвола за финансиски лизинг.
(8) Министерот за финансии со решение го одбива барањето за добивање дозвола за финансиски лизинг кое не ги исполнува пропишаните услови.
(9) Против решенијата од ставовите 7 и 8 на овој член може да се поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата, во рок од 15 дена од приемот на решението.
(10) Министерството за финансии писмено го известува Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар) за издавање дозвола за вршење финансиски лизинг во рок од 5 дена од денот на издавањето.
Известувањето содржи:
- назив, адреса и седиште на давателот;
- ЕМБС на давателот и
- име, презиме, адреса и ЕМБГ на одговорното лице кај давателот.

**Договор за лизинг**
**Член 5**

(1) Договорот за лизинг задолжително се заверува кај нотар.
(2) Договорот за лизинг задолжително содржи: опис на предметот, вкупната вредност на предметот, износот на аконтацијата, временски период на кој е склучен договорот за лизинг, вкупен износ на надоместокот што го плаќа корисникот на лизинг, број и износ на одделни плаќања и рокот на нивното пристигнување.

**Траење на финансискиот лизинг**
**Член 5-а**

(1) Финансискиот лизинг може да трае најмалку 1 година за движни предмети и 2 години за недвижни предмети.
(2) Договорот за финансиски лизинг кој, од кои било причини, престане пред роковите од ставот 1 на овој член, за даночни цели се смета за договор за оперативен лизинг.

**Пренесување на права и обврски што произлегуваат**
**од договорот за лизинг**

**Член 5-б**

(1) Давателот може да ги пренесува или на друг начин да ги остварува сите или некои од неговите права и користи на предметот кои произлегуваат од договорот за лизинг, под услов таквото пренесување или остварување да не е во спротивност со правото на корисникот во целост да го користи предметот се´ додека корисникот ги прифаќа и исполнува обврските од договорот за лизинг, освен ако поинаку не е предвидено во договорот за лизинг и/или доколку тоа не е во спротивност со законите на Република Македонија.

(2) Пренесувањето или остварувањето на правата од ставот 1 на овој член не го ослободува давателот од обврските кои произлегуваат од договорот за лизинг.

(3) Корисникот може да го пренесе правото за користење на предметот или обврските што произлегуваат од договорот за лизинг, само со претходна писмена согласност од давателот добиена врз основа на барање поднесено од корисникот.

(4) Барањето од ставот 3 на овој член задолжително содржи:

1) број и датум на договор за лизинг меѓу давателот и корисникот;

2) назив, адреса, единствен матичен број на правното или физичкото лице (ЕМБГ или ЕМБС) на кое се пренесува правото и

3) период за кој се врши преносот.

(5) Корисникот не може истовремено да ги пренесува и правата и обврските утврдени со овој закон и со договорот за лизинг.

**Договор со продавачот**
**Член 6**

(1) Во случај кога корисникот го определил продавачот и му наложил на давателот да склучи договор за купопродажба со истиот, обврските на продавачот кои произлегуваат од договорот за продажба во врска со предметот на договорот за лизинг, директно се однесуваат на корисникот за кого се обврзувачки, освен доколку поинаку не е утврдено во договорот за лизинг или со посебен договор во писмена или електронска форма склучен меѓу давателот и корисникот.

(2) Продавачот е одговорен за предметот на лизинг определен во договорот за лизинг или за предметот кој ќе биде определен со договорот за лизинг, во зависност од условите од договорот за продажба, освен ако тоа не е во спротивно со прописите на Република Македонија. Доколку, поконкретно не се утврдени посебните услови во договорот за продажба во врска со одговорноста на продавачот, ќе се применуваат одредбите на прописите со кои се регулираат облигационите односи.

(3) Одговорноста на продавачот за надомест на штета или исполнување на обврските врз основа на договорот за продажба, во случај кога обврските се однесуваат и кон давателот и кон корисникот, освен доколку поинаку не е определена во договорот за продажба, ќе се смета за извршена со плаќање било кон давателот или кон корисникот.

(4) За обврските на продавачот кои произлегуваат од договорот за продажба се известува и корисникот.

(5) Известувањето од став 4 на овој член не му дава право на корисникот да бара раскинување на договорот за продажба без претходна согласност на давателот во писмена или електронска форма.

**Обврски на страните**
**Член 7**

(1) Корисникот е должен да определи дали предметот на лизинг кој треба да биде преземен врз основа на договорот за лизинг, ги исполнува договорените услови пред истиот да го прими согласно договорот за лизинг.

(2) Во моментот кога корисникот ќе го прими предметот на лизинг, за давателот на

лизинг настанува обврска за плаќање кон продавачот за купениот предмет на лизинг, освен ако поинаку не е предвидено во договорот за купопродажба.
(3) Доколку предметот не ги исполнува условите определени во договорот за лизинг, корисникот има право да го одбие предметот во рок од 30 работни дена од приемот, по кој рок корисникот го губи правото да го одбие предметот.
(4) Во случај на одбивање на предметот од страна на корисникот, корисникот е должен да го чува предметот најмногу 30 работни дена од приемот, освен ако не се утврди друг рок со договорот за лизинг.
(5) Во случај кога давателот го набавил предметот на договорот за лизинг по барање на корисникот или доколку корисникот го определил продавачот, со кој давателот склучил договор за купопродажба, давателот е ослободен од одговорност кон корисникот за обврските на продавачот кои произлегуваат од договорот за купопродажба во врска со предметот (квалитетот на предметот на лизинг, исправноста на работењето, како и за неговото навремено доставување до корисникот или давателот, замена или поправка на дефект или инсталирање на предметот), освен ако поинаку не е договорено.
(6) Во случај кога давателот го избрал продавачот, тие солидарно одговараат за секоја штета настаната во врска со предметот кон корисникот, која произлегува од став 5 на овој член, освен доколку поинаку не е договорено во писмена или електронска форма меѓу давателот и корисникот.
(7) Давателот е одговорен за неиспорака, задоцнување со испорака или испорака на несоодветен предмет, само ако тоа произлезе од договорот за лизинг или ако до тоа е дојдено по негова вина.
(8) Давателот му гарантира на корисникот непречено користење на предметот на лизинг и во случај на неисполнувањето на обврската од страна на давателот кон трети лица.

**Враќање на предметот**
**Член 8**

(1) Предметот се враќа на давателот или на лице овластено од давателот на датумот и според условите и начинот утврдени во договорот за лизинг, а ако тоа не е утврдено се постапува според вообичаени рокови за таква намена.
(2) Кога договорот за лизинг престанува од било која причина, корисникот, во согласност со договорот за лизинг, освен доколку не го изврши правото да го купи предметот или да го чува на лизинг за понатамошниот период, е должен да го врати предметот во иста состојба во која бил даден, подложен на нормална употреба и абење, освен доколку поинаку не е определено во договорот за лизинг.
(3) Доколку поинаку не е определено во договорот за лизинг, давателот го прегледува предметот при негово враќање на физичко поседување на давателот, во рок од 30 работни дена. Во случај кога не е реално возможно да се направи тоа, давателот има дополнителен рок кој е разумно потребен за преглед на предметот и го известува во писмена или електронска форма корисникот, ако вратениот предмет не е во согласност со условите определени во договорот за лизинг. Неможноста во писмена или електронска форма да го извести корисникот во погоре наведениот рок, ќе се смета прифаќање од страна на давателот дека предметот е вратен во соодветна состојба, освен ако таквата несоодветност не можела да биде откриена од давателот, внимателно спроведувајќи го прегледот.
(4) Во случај на започнување на стечајна постапка на корисникот, давателот има право, по известување во писмена или електронска форма до корисникот, веднаш да си го поврати предметот, кој е предмет на договорот за лизинг, како што е определено од давателот во тоа известување, на трошок на корисникот, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг или ако поинаку не е договорено во посебен

документ во писмена или електронска форма меѓу давателот и корисникот.

**Стечај над корисникот**

**Член 8-а**

(1) Во случај на отворање на стечај над корисникот, предметот се издвојува од другите средства (излачно право) и веднаш се враќа на давателот.

**Стечај над давателот на финансиски лизинг**

**Член 8-б**

(1) Во случај на отворање на стечај над давателот на финансиски лизинг, корисникот или стечајниот управник може да бараат:

- исполнување на договорот за финансиски лизинг во целост по што стечајниот управник е должен веднаш да ја пренесе сопственоста на предметот на финансиски лизинг на корисникот на лизинг согласно договорот за лизинг;
- спроведување на постапка за пренесување на договорите за финансиски лизинг на друг давател на финансиски лизинг од Република Македонија и
- продолжување на договорот за лизинг.

(2) Постапката за пренос на договорите за финансиски лизинг на друг давател на финансиски лизинг од ставот 1 алинеја 2 на овој член се спроведува во постапка со јавен повик.

(3)Условите за пренос на договорите за финансиски лизинг меѓусебно ги утврдуваат стечајниот управник и давателот на финансиски лизинг на кој ќе бидат пренесени договорите за финансиски лизинг.

(4) Во случај на пренос на договорите за финансиски лизинг од давателот над кој е отворена стечајната постапка на друг давател на финансиски лизинг, правата и обврските на корисниците врз основа на пренесените договори за финансиски лизинг се исполнуваат и остваруваат кон давателот на финансиски лизинг на кој се пренесени договорите за финансиски лизинг.

**Одржување на предметот**

**Член 9**

(1) Корисникот е одговорен за одржување на предметот, кој е предмет на договорот за лизинг, во добра работна состојба, нормална употреба и абење, освен ако поинаку не е предвидено во договорот за лизинг.

(2) Корисникот ги сноси сите трошоци за одржување, како што е предвидено во став 1 од овој член, вклучувајќи ги работењето, техничкото одржување и поправката на предметот на лизинг, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг.

**Купување на предметот и продолжување**
**на правата од договорот за лизинг**

**Член 10**

(1) Во договорот за лизинг може да се предвиди право на откуп на предметот од страна на корисникот на денот или пред истекот на договорениот период за користење на предметот - финансиски лизинг, и/или право корисникот да продолжи да го користи предметот на лизинг по истекот.

(2) По истекот на договорот за лизинг, корисникот нема автоматски да стекне сопственост на предметот после плаќањето на сите надоместоци кои произлегуваат од договорот за лизинг, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг.

**Раскинување на договорот за лизинг**

**Член 11**

(1) Доколку условите определени во договорот за лизинг не се исполнуваат од едната договорна страна, другата договорна страна може да го раскине договорот за лизинг

со претходно известување во писмена или електронска форма до првата договорна страна во рок не пократок од 5 работни дена.
(2) Договорната страна која го раскинува договорот за лизинг се ослободува од сите договорни обврски кои произлегуваат од него по даденото известување, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг.
(3) Во случај кога давателот го определува продавачот, корисникот може да побара раскинување на договорот за лизинг со претходно известување во писмена или електронска форма до давателот, доколку испорачувањето на предметот не се изврши во рок од 30 работни дена од денот кога треба да се испорача предметот на договорот за лизинг, освен ако поинаку не е определено со договорот за лизинг.
(4) Во случај да и´ е дадена можност на една од договорените страни да го отстрани утврдениот недостаток, кој го сторила, другата договорна страна има право еднострано да го раскине договорот за лизинг, ако првата договорна страна не го отстрани недостатокот во рокот договорен меѓу нив.
(5) Давателот може, освен доколку поинаку не е определено во договорот за лизинг, да го раскине договорот за лизинг и да бара веднаш да биде вратен предметот ако:
а) корисникот не извршил плаќање надомест за користење на предметот на лизинг како што се бара во договорот за лизинг;
б) корисникот го пренел правото на користење на предметот без претходна писмена согласност од давателот;
в) корисникот не го осигура предметот, а бил должен да го стори тоа;
г) давателот разумно оцени дека постои опасност предметот, којшто е предмет на договорот за лизинг да се изнесе надвор од земјата во која било дозволено да се користи, доколку договорот за лизинг ограничи предметот да се користи во друга земја, или постоел обид да се стори тоа и
д) доколку корисникот несовесно и недомаќински го користи предметот.

**Регистрација на предметот на лизинг**
**Член 12**

(1) Давателот на финансиски лизинг е должен да го регистрира предметот, кој е предмет на договорот за лизинг во посебен регистар кој се води во Централниот регистар, во рок од пет работни дена од денот на потпишување на договорот за лизинг.
(2) Давателот на финансиски лизинг е должен до Централниот регистар да поднесе барањето за запишување на секоја промена во договорот за лизинг во рок од пет работни дена од настанување на промената.
(3) Давателот на финансиски лизинг е должен во рок од пет работни дена од престанокот или раскинувањето на договорот за лизинг до Централниот регистар да поднесе барање за бришење на предметот од посебниот регистар.
(4) Директорот на Централниот регистар ја пропишува постапката за регистрација на предметот.

**Осигурување**
**Член 13**

(1) Доколку не е поинаку определено во договорот за лизинг, од моментот на приемот на предметот, корисникот е должен да го осигура предметот, кој е предмет на договорот за лизинг кај друштво за осигурување од било каков ризик или оштетување на предметот и повреда на трети лица предизвикана со предметот или со негово користење или поседување од корисникот, се´ додека предметот не биде вратен на давателот, согласно со закон, сметано од датумот кога корисникот го примил на поседување предметот до истекот на периодот за кој е склучен договорот за лизинг.
(2) Доколку поинаку не е определено во договорот за лизинг, корисникот ги сноси сите ризици од загуба или оштетување на предметот, како и штети на трети лица,

освен оние кои се предизвикани со намера, или со крајно невнимание на давателот или продавачот.

**Користење на предметот како залог**
**Член 13-а**

(1) Давателот на финансиски лизинг не може да го користи предметот на финансиски лизинг како залог без претходна писмена согласност од корисникот дадена пред нотар.
(2) При регистрација на залогот во Заложниот регистар, давателот задолжително ја приложува согласноста од ставот 1 на овој член.
(3) Договорите за залог склучени спротивно на ставот 1 од овој член се ништовни.

**Плаќање на надомест**
**Член 14**

(1) Со приемот на предметот на лизинг, за корисникот обврската за плаќање надомест за користење на предметот на лизинг, врз основа на договорот за лизинг станува апсолутна и неотповиклива.
(2) Корисникот е должен да изврши плаќање на надомест за користење на предметот на лизинг во износ и на начин определен со договорот за лизинг.
(3) Доколку корисникот не изврши било кое плаќање на надомест за користење на предметот на лизинг, како што е определено во договорот за лизинг, имајќи го предвид и грејс периодот утврден во договорот за лизинг, давателот може по барање во писмена или електронска форма, присилно да ги наплати било кои пресметани ненаплатени надоместоци, со пресметана затезна камата, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг.
(4) Корисникот не е должен да започне со плаќања согласно со договорот за лизинг, се´ додека предметот кој е предмет на договорот за лизинг не е испорачан и прифатен од корисникот, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг или ако корисникот го изгубил правото да го одбие предметот врз основа на договорот за лизинг.

**Сметководство и извештаи**
**Член 15**

(1) Давателот е должен да ги води деловните книги уредно и ажурно. Деловните книги и финансиските извештаи се составуваат во согласност со прописите за сметководството и сметководствените стандарди, освен ако со овој закон поинаку не е определено.
(2) Давателот составува годишен финансиски извештај.
(3) Финансиските извештаи и деловните книги на давателот на финансиски лизинг ги проверува и оценува овластен ревизор и изготвува ревизорски извештај, во согласност со прописите за ревизија.
(4) Давателот на финансиски лизинг е должен, до 30 јуни во тековната година за претходната година до Министерството за финансии да достави примерок од годишниот извештај, заедно со извештајот на овластениот ревизор за извршената ревизија.

**Член 15-а**

(1) Давателот е должен 15 дена по истекот на рокот од членот 3 став 5 на овој закон до Министерството за финансии да достави извештај за склучени договори за финансиски лизинг.
(2) Давателот е должен до Министерството за финансии најмалку еднаш годишно и тоа најдоцна до 15 април во тековната за претходната година и по потреба, на негово

барање, да достави извештаи за склучени договори за финансиски лизинг.
(3) Содржината на извештаите од ставовите 1 и 2 на овој член ја пропишува Министерот за финансии со правилник.

**Евиденција на предметот**
**Член 15-б**

(1) Евидентирање на предметот за даночни цели се врши согласно со даночните прописи.

**Надзор**
**Член 16**

(1) Министерството за финансии врши надзор на давателите на финансиски лизинг.
(2) Надзорот од ставот 1 на овој член се врши преку:
- вонтеренско следење на работењето на давателите со прибирање и анализи на извештаите и податоците што давателите ги доставуваат до Министерството за финансии и
- непосредна контрола кај давателот.
(3) При надзорот од ставот 1 на овој член давателот е должен да ја стави или достави на увид целокупната расположива документација, како и да обезбеди документација што ќе биде побарана.
(4) Документацијата од став 3 на овој член за Министерството за финансии претставува класифицирана информација согласно со закон.
(5) За констатираните неправилности и незаконитости при вршењето на надзорот, Министерството за финансии составува записник со кој го задолжува давателот во утврден рок да ги отстрани.

**Мерки**
**Член 16-а**

(1) Спрема давател на финансиски лизинг за кој ќе се утврди дека не работи согласно со одредбите на овој закон, Министерството за финансии може да ги преземе следниве мерки:
1) да достави писмено предупредување или писмена препорака;
2) да издаде писмена наредба за усогласување со одредбите на овој закон и останатите прописи со кои се уредува лизингот и
3) за одреден период да забрани склучување на договори за лизинг.

**Одземање на дозвола**
**Член 16-б**

(1) Министерот за финансии со решение ја одзема дозволата за вршење финансиски лизинг ако утврди дека давателот:
- дозволата ја добил врз основа на лажни или невистинити податоци;
- повеќе не ги исполнува условите за добивање дозвола;
- не ги спроведува мерките на Министерството за финансии преземени согласно член 16-а од овој закон;
- не отпочне со вршење финансиски лизинг во рок од 3 месеци од добивањето на дозволата и
- подолго од 3 месеци не врши финансиски лизинг.
(2) Против решението од ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата, во рок од 15 дена од приемот на решението.
(3) Министерството за финансии писмено го известува Централниот регистар за одземање на дозволата за вршење финансиски лизинг во рок од 5 дена од

правосилноста на решението од ставот 1 на овој член.
(4) Правосилното решение од ставот 1 на овој член се објавува во Службен весник на Република Македонија.

**Член 16-в**

(1) Со донесување на решението од член 16-б став 1 на овој закон, давателот на финансиски лизинг не смее да склучува нови договори за лизинг, а во однос на постојните договори давателот соодветно ги применува одредбите од член 8-б став 1 алинеи 1 и 2 на овој закон.

**Решавање на спорови**

**Член 17**

(1) Споровите кои произлегуваат од договорите за лизинг ќе се решаваат спогодбено меѓу странките, ако е така определено во договорот за лизинг, во спротивно, ќе се решаваат пред судовите на Република Македонија.

**Прекршочни одредби**

Член **17-**а

1) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Министерството за финансии (во натамошниот текст: Прекршочен орган).
2) Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред Прекршочниот орган ја води комисијата за одлучување по прекршокот (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), формирана од вработени лица во Прекршочниот орган, кои ги именува министерот за финансии.
3) Министерот со подзаконски акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работното искуство на членовите на Прекршочната комисија.
4) Членовите на Прекршочната комисија се избираат за времетраење од пет години, со право на реизбор.
5) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник со положен правосуден испит.
6) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа, кој претходно е одобрен од министерот за финансии.

Член **17-**б

1) Член на Прекршочната комисија може да се разреши:
- со истекот на времето за кое е именуван за член;
- по негово барање;
- со исполнување на услови за старосна пензија во согласност со закон;
- ако му се утврди трајна неспособност;
- ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука;
- ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија или
- ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случаи за кои решава Прекршочната комисија.
2) Предлогот за разрешување на член на Прекршочната комисија се поднесува до министерот за финансии.
3) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работењето и одлучувањето врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.
4) Одлуката на Прекршочната комисија се смета за донесена кога за неа гласале мнозинството членови на Прекршочната комисија.

Член **17-**в

1) За прекршоците утврдени со овој закон лицата кои од министерот за финансии се овластени да вршат надзор на давателите на лизинг, во рамките на своите овластувања на

сторителот на прекршокот му нудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја платат глобата, другите давачки или да ги остранат последиците на прекршокот.
2) Сторителот на прекршокот е должен во рок од три дена од денот на приемот на понудата од ставот 1 на овој член да даде писмена согласност за покренување на постапка за посредување.
3) Постапката за посредување се води пред Комисија за посредување формирана од министерот за финансии.
4) Министерот со подзакоснки акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работното искуство на членовите на Комисијата за посредување.
5) Комисијата работи на седници на кои задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот.
6) За склучената согласност за посредувањето се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни.
7) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:
1. висината и начинот на плаќање на глобата;
2. висината и начинот на плаќање на другите давачки и трошоци и
3. мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.
8) Спогодбата од ставот 6 на овој член има сила на извршна исправа.
9) Министерот за финансии донесува деловник за работа и трошковник за работа на Комисијата за посредување. Висината и видот на трошоците утврдени со трошковникот се утврдуваат врз основа на реалните трошоци што ги има Прекршочниот орган, заради обезбедување на работа на Комисијата за посредување.
10) Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки на посредување и за нивниот исход.в

**Член 18**

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на правното лице ако:
- започне да работи како давател на финансиски лизинг пред добивање на дозвола за работа (член 3 став 2);
- не извести за промена во податоците врз основа на кои е издадена дозволата (член 3 став 6);
- договорот за лизинг не е заверен кај нотар и/или не ги содржи задолжителните елементи (член 5);
- пренесувањето или остварувањето на сите или дел од неговите права и интереси го врши спротивно на договорот за лизинг (член 5-б став 1);
- при пренесувањето на правата или интересите врз основа на лизинг, самоволно се ослободи од обврските кои произлегуваат од договорот за лизинг (член 5-б став 2);
- пренесувањето на обврски кои произлегуваат од договорот за лизинг го врши надвор од договорот или без прибавена согласност за тоа (член 5-б став 3);
- истовремено ги пренесе правата и обврските (член 5-б став 5);
- за обврските кои произлегуваат од договорот за продажба не се извести корисникот (член 6 став 4);
- не го чува предметот на договорот за лизинг до утврдениот рок (член 7 став 4);
- спротивно на договорот не изврши, или задоцни со испораката односно испорача несоодветен предмет (член 7 став 6);
- не го врати предметот на договорот за лизинг во рокови и под услови утврдени со договорот (член 8 став 1);
- по добивање на писмено барање, веднаш не го врати предметот на договорот за лизинг, во случај утврден со овој закон (член 8 став 4);
- не го одржува предметот на договорот за лизинг (член 9 став 1);
- по истекот на договорот го задржи предметот на договорот за лизинг спротивно на

одредбите од овој закон (член 10 став 1);
- го раскине договорот без претходно писмено известување (член 11 ставови 1 и 3)
- не го регистрира предметот на договорот за лизинг во пропишаниот рок (член 12 став 1);
- не поднесе барање за запишување на промените во договорот за лизинг во пропишаниот рок (член 12 став 2);
- не поднесе барање за бришење на предметот од посебниот регистар во пропишаниот рок (член 12 став 3);
- не го осигура предметот на лизинг согласно со овој закон (член 13);
- го користи предметот на лизинг како залог без претходна согласност (член 13-а);
- не врши плаќања на начин утврден со договорот за лизинг (член 14 ставови 1 и 2)
- не доставува извештаи во пропишаните рокови (член 15 став 4, член 15- а ставови 1 и 2);
- не го евидентира предметот согласно даночните прописи (член 15-б) и
- при надзорот не ја стави, достави или обезбеди потребната документација (член 16 став 3).
(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

**Член 19**

(1) Глоба во иснос од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на физичкото лице - корисник на лизинг ако:
- договорот за лизинг не е заверен кај нотар и/или не ги содржи задолжителните елементи (член 5);
- го пренесе правото на користење или обврските без претходна писмена согласност од давателот (член 5-б став 3);
- ги пренесе истовремено правата и обврските (член 5-б став 5);
- не го чува предметот до утврдениот рок (член 7 став 4);
- не го врати предметот во утврдениот рок, услови и начин (член 8 став 1);
- не го одржува предметот (член 9 став 1);
- не го осигура предметот (член 13 став 1) и
- не врши плаќање согласно со договорот (член 14 став 2).
(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се на стечајниот управник ако преносот на договорите за лизинг го спроведе без јавна понуда (член 8-б став 2).

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

(1) Постојните друштва кои вршат работи на лизинг, согласно дефиницијата за лизинг од Јлен 2 од овој закон, се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон, во рок од шест месеци од денот на стапувањето на сила на овој закон.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
**(по "Сл. весник на РМ" бр. 13/06)**

**Член 18**

(1) Давателите на финансиски лизинг кои добиле дозвола од Министерството за финансии пред влегувањето во сила на овој закон се должни да отпочнат со склучување на договори за финансиски лизинг во рок од 3 месеци од влегувањето во сила на овој закон.
(2) Давателите од став 1 на овој член се должни во рок од 15 дена од влегувањето во

сила на овој закон да го известат Министерството за финансии за промените во податоците врз основа на кои е издадена дозволата за вршење на финансиски лизинг настанати пред влегувањето во сила на овој закон.

**Член 19**

(1) Договорите за финансиски лизинг склучени пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат за периодот за кој се склучени.

**Член 21**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Весник на Република Македонија".